Нацрт

Врз основа на член 22, точка 10 и 11 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 5 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19) член 2 став 1 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 124/25), член 4, став 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 124/25) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09,18/10,15/14,15/18 и 06/19), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес.

Советот на Општина Велес на 3-та седница одржана на ден ____11.2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Велес во областа**
**на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи**
**во 2026 година**

## I. Цели

Основните цели на оваа Програма ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасувањето, како и заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди, кризни состојби и други несреќи во мир.

Основни цели на оваа програма се:

- заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др;
- заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;
- создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;
- обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;
- обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарната заштита

## II. Активности

Активностите ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, брза и во законски рамки реализирани о ќе се остваруваат преку:

- Територијалната противпожарна единица која дејствува на територијата на Општина Велес, согласност Законот за пожарникарството, ќе ги покрива и

подрачјата на соседните општини Чашка и Градско, кои немаат формирано сопствена противпожарна единица;

- Штабот за заштита и спасување,
- Просторните сили за заштита и спасување и
- Комисијата за процена на штета од елементарни и други непогоди на територијата на Општина Велес.
- заедничките интереси и активности во овие области, кои претставуваат активности од јавен интерес.

Со цел за навремено, ефикасно и организирано спроведување на активностите од областа на заштитата и спасувањето, Општина Велес и во 2022 година ќе продолжи со континуирана соработка со надлежните државни органи од областа на заштитата и спасувањето и тоа:

- Дирекцијата за заштита и спасување;
- Центарот за управување со кризи;
- Министерството за одбрана и
- други надлежни органи и тела.

### III. Финансирање

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето, справувањето со кризни состојби и дејствувањето на Територијалната противпожарна единица, утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од:

- Средства од Буџетот на РСМ;
- Средства од Буџетот на Општина Велес;
- Наплатени премии за осигурување на моторни возила и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;
- Средства од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии;
- Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување на заштитата од пожари;
- Приходи од сопствени извори за извршени услуги од страна на Територијалната противпожарна единица и
- Приходи од други општини

**Табела**

| **Ред. Бр.** | **активности** | **Предвидени средства** |
|---|---|---|
| 1. | **Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт** | **2.180.000** |
| 1.1 | Електрична енергија | 500.000 |
| 1.2 | Вода , канализација и ѓубретарина | 300.000 |
| 1.3 | Други комунални услуги | 10.000 |
| 1.4 | Течни горива-нафта за греење | 700.000 |
| 1.5 | Трошоци за интернет и др. комуникација | 250.000 |
| 1.6 | Горива и масла | 320.000 |
| 1.7 | Регистрација на моторни возила | 100.000 |
| . | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 2. | **Поправки и тековно одржување** | **1.380.000** |
| 2.1 | Резервни делови | 300.000 |
| 2.2 | Попрака и сервисирање на возила | 650.000 |
| 2.3 | Сервисирање на ПП апарати | 130.000 |
| 2.4 | Набавка на гуми | 300.000 |
| | | |
| | | |
| | | |
| 3. | **Облека –униформи и обувки** | **300.000** |
| | | |
| 4. | **Техничка и заштитна опрема** | **1.300.000** |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| 5. | **Материјални трошоци за физички и правни лица – учесници во гаснење на пожар и други видови непогоди** | **30.000** |
| | | |
| . | | |
| | | |
| 6. | **Непредвидени трошоци** | **30.000** |
| | | |
| 7. | **Расходи за заштита и спасување** | **750.000** |
| 7.1 | Средства за опрема на просторните сили за заштита и спасување | **500.000** |
| 7.2 | Надомест на комисија за процена на штети | **100.000** |
| 7.3 | Ревитализација после елементарни непогоди | **150.000** |
| 8. | Реконструкција на противпожарен дом и пропратни објекти (Развојна програма ЊАН) | **18.210.546** |
| . | | |
| | **Вкупно** | **24.180.546** |

| **Средства од Буџет на РСМ** | | **Наменска** |
|---|---|---|
| 1. | Плати и надоместоци од плати | |

### V. Други форми на активности за поддржување и помагање на ТППЕ

Активностите на Територијалната противпожарна единица – Велес, која делува на подрачјата на општините Велес, Чашка и Градско, освен со финансиски средства, Градоначалникот и Советот на Општина Велес ќе ги помагаат и стимулираат и со:

- одбележување на 20-ти мај, Денот на пожарникарите;

- прогласување на најистакнат пожарникар во извршувањето на работните обврски при гаснењето на пожари;
- учество на Градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ по разни поводи и прослави

- поддршка и учество во проектни активности.

## VI. Завршни одредби

За спроведувањето на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Велес.

Во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, државниот инспектор за заштита од пожари, инспекторот за заштита и спасување и другите надлежни органи и тела, органите и телата на Советот на Општина Велес ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“ и ќе биде ставена на јавна расправа.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита во 2026 година ги опфаќа целите, активностите и надлежностите на Општина Велес во сферата на заштитата и спасувањето, управувањето со кризи и противпожарната заштита.